# МОДЕН ПОРТРЕТ НА ЏОНИ ДИП



На премиерата на филмскиот хит "Chralie and the chocolate factory", Џони Дип се појави во неговиот препознатлив стил, лежерни панталони и сако, со неизбежни темни очила и шапка.

Сепак, "Finding Neverland", која му ја донесе втората номинација за Оскар, го "принуди" холивудското момче да се "среди". Филмот, кој својата премиера ја имаше во Европа, во Венеција, го претстави Џони Дип во неговото најубаво елегантно светло.





Неколку ретро стилови во една успешна модна комбинација. Тоа му успеа на доделувањето на наградите "Златен глобус" во Лос Анџелес.

Соодветно, за местото каде се наоѓаше (Париз). Критиката го оцени како боем од 60-тите години на минатиот век.





**На наградите "САГ", кои се одржуваат во Лос Анџелес, Дип се појави во добро проверена комбинација - комплетно црно.**

**Повторно во Италија, на Филмскиот фестивал во Венеција, во маичка на риги и удобни широки панталони, соодветно за истенчениот италијански вкус.**





**Додека неговата девојка Ванеса Парадис, на минатогодишниот Оскар истапи гламурозно и елегантно, Дип се обиде со една посмела комбинација, која сепак, беше прифатена одлично од модната критика.**

**Каубоецот Џони Дип!**



Подготвила:
**Ружица ГОЧЕВСКА**